**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4146/1

Скопје 25.09.2017г.

**Предмет: Прв дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот дневен извештај за 25 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ве известуваме за следново:

Денеска, започнува мониторингот на Агенцијата на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања. Имајќи предвид дека, согласно Методологијата за мониторинг, за време на изборната кампања се зголемува бројот на медиуми што се предмет на надзор, за потребите на мониторингот дополнително се ангажирани уште 12 (дванаесет) лица - надворешни соработници.

Во текот на денешниот ден ќе бидат реализирани неколку работилници со надворешните соработници за различни аспекти од процесот на мониторинг.

Денеска, исто така, завршува мониторингот на петтиот десетдневен период (од 16 до 24 септември) и започнува проверката на податоците и изработката на последниот извештај за периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
**contact@avmu.mk**



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009